ПРИЛОГ

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ИЗВЕШТАЈ

## за пресметка на данок на додадена вредност во постапка на присилна наплата и присилно извршување

ДДВ-ПНПИ/ДС

Даночен број на субјектот надлежен за постапката

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт на субјектот надлежен за постапката

Телефон

е-пошта

Датум на издавање

Место на издавање

Број

Деловна банка

Трансакциска сметка

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПКАТА

Вид на постапка ☐ Присилна наплата ☐ Присилно извршување

Вид на акт

Број на акт    Датум на акт

### ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ КОЈ Е ДОЛЖНИК ВО ПОСТАПКАТА (ВРШИТЕЛ НА ПРОМЕТ)

Даночен број за ДДВ на вршителот на прометот

Скратен назив

Адреса на вистинско седиште за контакт на вршителот на прометот

е-Пошта    Телефон

### ПОДАТОЦИ ЗА ДОВЕРИТЕЛОТ КОЈ Е СТЕКНУВАЧ ВО ПОСТАПКАТА (ПРИМАТЕЛ НА ПРОМЕТ)

Даночен број / ЕМБГ на примателот на прометот (доверителот)

Скратен назив / Име и презиме

Адреса на вистинско седиште / живеалиште за контакт на примателот на прометот (доверителот)

е-Пошта    Телефон

### ПОДАТОЦИ ЗА ПРОМЕТОТ

| Опис | Количина | Постигната крајна цена | Даночна основа | Даночна стапка | Данок на додадена вредност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| | | | | **Вкупно:** | |

### ПРИМЕНА НА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ДАНОЧЕН ДОЛГ (член 32-а став 1 точка 3 од ЗДДВ)

☐ Пренесување на даночен долг

Потпис и печат на субјектот надлежен за постапката

..........................................................................

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**ДДВ-ПНПИ/ДС**

Во случај на промет на недвижен имот во постапка за присилна наплата согласно со Законот за даночна постапка и промет на движен и недвижен имот во постапка за присилно извршување согласно со Законот за извршување, кога даночен обврзник (должник) е регистриран за целите на ДДВ, а доверителот е стекнувач на доброто, субјектот надлежен за присилна наплата, односно присилно извршување има обврска во име и за сметка на должникот да го пресмета данокот на додадена вредност за прометот на добрата кои се предмет на продажба во постапка на присилна наплата или извршување.
Пресметувањето на данокот го врши субјектот надлежен за постапката за присилна наплата, односно присилно извршување на посебен образец "ДДВ-ПНПИ/ДС" (Извештај за пресметка на данок на додадена вредност во постапка на присилна наплата и присилно извршување). Во случај кога доверителот се стекнува со доброто (движниот или недвижниот имот) даночната основа преставува постигнатата крајна цена.

Субјектот надлежен за постапката за присилна наплата, односно присилно извршување е должен Извештајот "ДДВ-ПНПИ/ДС" заедно со изготвениот акт кој е основ за стекнување со сопственост на движните и недвижните добра, да ги достави до должникот и до доверителот како стекнувач на доброто.
Во Извештајот задолжително се внесуваат податоци за подносителот / субјектот надлежен за постапката за присилна наплата, односно присилно извршување: даночен број на субјектот надлежен за постапката; скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт; телефон; е-пошта; датум на издавање; место на издавање; број; деловна банка; и трансакциска сметка.
Во полето "Број", субјектот надлежен за присилна наплата го внесува архивскиот број на Извештајот, а субјектот надлежен за присилно извршување го внесува бројот под кој е заведено барањето за извршување.
Износите се искажуваат во денари, без дени.

**Податоци за постапката**
- **Вид на постапка** – означете го полето со внесување на знакот "х" пред видот на постапката која е спроведена.
- **Вид на акт** - внесете го видот на актот кој е основ за стекнување со сопственост на движните и недвижните добра.
- **Број на акт** – внесете го бројот на актот.
- **Датум на акт** – внесете го датумот кога е донесен актот.

**Податоци за субјектот кој е должник во постапката (вршител на промет)**
- **Даночен број за ДДВ на вршителот на прометот** – внесете го даночниот број за данокот на додадена вредност (ДДВ) на субјектот кој е должник во постапката, односно вршителот на прометот.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт на вршителот на прометот** – внесете го називот, адресата на вистинско седиште за контакт, е-пошта и телефон на вршителот на прометот.

**Податоци за доверителот кој е стекнувач во постапката (примател на промет)**
- **Даночен број / ЕМБГ на примателот на прометот (доверителот)** – внесете го Даночниот број, односно Единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) на доверителот кој е стекнувач во постапката, односно примателот на прометот.
- **Скратен назив / Име и презиме и адреса на вистинско седиште / живеалиште за контакт на примателот на прометот (доверителот)** – внесете го називот, односно името и презимето, адресата на вистинско седиште односно живеалиште за контакт, е-пошта и телефон на примателот на прометот (доверителото).

**Податоци за прометот**
- **Опис** - наведете го видот на извршениот промет.
- **Количина** - внесете ја количината на извршениот промет во зависност од видот на прометот.
- **Постигната крајна цена** - внесете ја постигнатата крајна цена на доброто во спроведената постапка за присилна наплата, односно присилно извршување.
- **Даночна основа** - внесете ја даночната основа за данокот на додадена вредност за извршениот промет, која претставува постигнатата крајна цена на доброто.
- **Даночна стапка** - внесете ја пропишаната даночна стапка за данокот на додадена вредност за извршениот промет.
- **Данок на додадена вредност** – внесете го износот на данокот на додадена вредност кој треба да се плати за извршениот промет.
- **Вкупно** - се внесува вкупниот износ на данокот на додадена вредност кој треба да се плати за извршениот промет.

**Примена на пренесување на даночен долг (член 32-а став 1 точка 3 од ЗДДВ)**
При примена на пренесување на даночен долг, означете го полето со внесување на знакот "х".
Кога доверителот се стекнува со недвижен имот во постапка на присилна наплата и со движен и недвижен имот во постапка за присилно извршување, и должникот и доверителот се регистрирани за целите на ДДВ, во тој случај се применува пренесување на даночен долг. Обврска за пријавување и плаќање на пресметаниот данок има доверителот како стекнувач на доброто.
Кога доверителот кој не е регистриран за целите на ДДВ, се стекнува со недвижен имот во постапка на присилна наплата и со движен и недвижен имот во постапка за присилно извршување, во тој случај не се применува пренесување на даночен долг. Обврска за пријавување и плаќање на пресметаниот данок има даночниот должник.

**Потпис и печат на субјектот надлежен за постапката**
Субјектот надлежен за присилна наплата, односно присилно извршување го потпишува и става печат на Извештајот "ДДВ-ПНПИ/ДС".